Република ...
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 01-448/1
30.10 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 44 од Статутот на Шумарскиот Факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 467/2019), Деканот на Факултетот на ден 30.10.2019 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за распишување на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Шумарскиот факултет во Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори за вкупно 13 членови на Факултетското студентско собрание на Шумарскиот факултет во Скопје од кои 1 (еден) за избор на претседател и 12 за избор на членови.

### Член 2

Изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 20.11.2019 година (среда), во просториите на Шумарскиот факултет, во период од 08-16 часот.

### Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Шумарскиот факултет во Скопје во следниот состав:

1. Проф. д-р Панде Трајков;
2. Проф. д-р Македонка Стојановска;
3. Елеонора Николовска, студент;
4. Мартина Ѓорѓиовска, студент;
5. Софија Ристевска, студент.

Комисијата од став 1 на овој член назначува избирачки одбор составен од двајца студенти и еден наставник за спроведување на постапката на изборите.

### Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка/и
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали има запишано тековен семестар, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања

поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

Член 5

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Шумарскиот факултет во Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Шумарски факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Член 6

Кандидатите за претседател и членови во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание.

Собирите на студенти по години ќе се спроведат во следните термини:

- Собирот на студенти од прва година ќе се одржи на ден 5 ноември (вторник) 2019 година со почеток во 12 часот во микроскопска сала на факултетот;
- Собирот на студенти од втора година, студиска програма Пејзажно дизајнирање и студиска програма Шумарство ќе се одржи на ден 4 ноември (понеделник) 2019 година со почеток во 11 часот во предавална 54 на факултетот;
- Собирот на студенти од втора година, студиска програма Екоинжинеринг и екоменаџмент ќе се одржи на ден 7 ноември (четврток) 2019 година со почеток во 12 часот во предавална 33 на факултетот;
- Собирот на студенти од трета година, студиска програма Шумарство ќе се одржи на ден 5 ноември (вторник) 2019 година со почеток во 10:30 часот во предавална 32 на факултетот;
- Собирот на студенти од трета година, студиска програма Пејзажно дизајнирање ќе се одржи на ден 6 ноември (среда) 2019 година со почеток во 12:00 часот во предавална 72 на факултетот;
- Собирот на студенти од трета година, студиска програма Екоинженеринг и екоменаџмент ќе се одржи на ден 7 ноември (четврток) 2019 година со почеток во 10:30 часот во предавална 32 на факултетот;
- Собирот на студенти од четврта година ќе се одржи на ден 6 ноември (среда) 2019 година со почеток во 10:30 часот во предавална 33 на факултетот.
-

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претседателот и 12 претставници од студентите на додипломски студии, и тоа:

- три претставници од прва година;
- три претставници од втора година;
- три претставници од трета година;
- три претставника од четврта година;

Член 7

Врз основа на спроведените собири на студенти по години, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4, став 3, алинеја 1 на оваа одлука најдоцна до 11 ноември 2019 година (понеделник).

Член 8

Право да избираат имаат сите студенти на факултетот, а да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите редовни студенти на факултетот, кои имаат запишано зимски семестар во учебната 2019/2020 година.

За Претседател на факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот кој има освоено најмалку 90 кредити и до сега да не студира подолго од 5 години на Шумарскиот факултет во Скопје.

За избран претседател и членови на факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на web страната на факултетот и да се достави поединечно до сите студенти на нивните маил адреси.

Декан,
проф. д-р Кирил Сотировски

**Термини за одржување собири на студенти по години и студиски програми**

| | Прва година | | | Втора година | | | Трета година | | | Четврта година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ш | ПД | ЕЕ | Ш | ПД | ЕЕ | Ш | ПД | ЕЕ | Ш | ПД | ЕЕ |
| Понеделник (04.11.2019) | | | | 11,оо часот<br>Предавална 54 | | | | | | | | |
| Вторник (05.11.2019) | 12,оо часот<br>Микроскопска сала | | | | | | 10,30<br>(32) | | | | | |
| Среда (06.11.2019) | | | | | | | | 12,оо<br>(72) | | 10,30<br>Предавална 33 | | |
| Четврток (07.11.2019) | | | | | | 12,оо<br>(33) | | | 10,30<br>(32) | | | |